**Васко НИКОЛОВ**[1] **УДК:349.222.4:340.13(497.7)**

# ПРАВНА РАМКА ЗА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Во трудот е анализирана националната правна рамка за колективното договарање во Република Македонија. Акцент е ставено на одредбите на Уставот, Законот за работни односи и Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет. Во продожение, се опфатени и субјектите кои учествуваат во колективното преговарање (синдикатите и здруженијата на работодавачи), како и поимот на репрезентативност и репрезентативноста на синдикатите и здруженијата на работодавачи. На крајот од трудот се поместени заклучоците.
**Клучни зборови:** *правна рамка, колективно договарање, колективен договор, репрезентативност, синдикат, здружение на работодавачи*

**Vasko NIKOLOV**

# LAW FRAMEWORK FOR COLLECTIVE BARGAINING IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** In Labour consists the analysis of the national law framework for collective bargaining in Republic of Macedonia. The accent is placed of legal provisions contained in the Constitution, the Labour Law and the Agreement on Establishment of the Economic and Social Council. In continuation of it includes the subjects which participate in collective negotiations (the Unions and Associations of employers) likewise the notion of representativeness and representativeness of the Unions and Associations of employers. The conclusions are placed at the end of the Labour.
**Keywords***: law framework, collective bargaining, collective agreement, representation, union, associations of employers*

## Вовед

Процесот на градење на нови индустриски односи во РМ во нормативна и институционална смисла започна со промените во 1991 година. Според нормативната смисла новите индустриски односи се предмет на повеќе правни акти, норми, начела и институти. Колективното преговарање зазема посебно место во Уставот на РМ, му се даде големо правно значење и стана уставна категорија. Во институционална смисла,

[1] Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, втор циклус студии

новите индустриски односи имаат повеќе институционални форми, но важно место заземаат трипартитните тела (Советот за безбедност и здравје при работа, Економско-социјален совет, Комисија за избор на кандидати за помирувачи и арбитри и друго). Како највисока институција во 2009 година е воведена Комисијата за утврдување на репрезентативност.

**Правна рамка**

**Устав на Република Македонија**

Во Уставот[2] е дефинирана Република Македонија како суверена, демократска, социјална и самостојна држава, каде што суверенитетот произлегува и припаѓа на граѓаните. Во членот 8 се определени темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, каде што спаѓаат хуманизмот, солидарноста, социјалната правда, владеењето на правото и други.

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот се сместени во глава II, која ги опфаќа членовите почнувајќи од членот 9 до членот 29. Сите овие членови ги опфаќаат политичките и граѓанските слободи и права, а во нив спаѓаат и основањето и здружувањето на здруженија на граѓани и на политички партии. Додека почнувајќи од членот 30 до членот 49 ги опфаќаат економските, културни и социјални права, кои се однесуваат на уредувањето и остварувањето на правата на вработените и нивната положба со закон, но и со колективен договор, штрајк и основање на синдикати.

**Законот за работните односи**

Законот[3] за колективните договори го посветил поглавјето XIX и тоа од член 203 до член 235. Законот задржува стари решенија, но и воведува многу новини кои се однесуваат на колективното преговарање. Најзначајни новини во Законот се однесуваат на примената на колективните договори, но и за тоа дека Законот е задолжителен за сите работодавци кои дополнително пристапиле или се членови на здруженијата.

Најзначајна новина која го промени концептот на колективното преговарање во РМ е воведувањето на моделот на репрезентативно претставување на субјектите на преговарањето. Со измените и дополнувањата на ЗРО воведени се критериуми и понизок цензус на членовите на синдикатот од 10% до 20% и за организациите на работодавачи од 5% до 10%.

2) Устав на РМ од 17.11.1991 („Сл. весник на РМ“ бр.52/91).

3) Закон за работните односи („Сл. весник на РМ“ бр.167/15).

**Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет**

Со Спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет од 1996 година или поточно 2012 година стои дека Економско-социјалниот совет е формиран за остварување на темелните вредности на Уставот на РМ како социјална и демократска држава за обезбедување на хармоничен развој на општествените процеси, примената на меѓународните конвенции, обезбедување на социјална правда, трипартизмот и унапредување на социјалниот дијалог. Економско-социјалниот совет има советодавно-консултативна функција, преку која што се одвива социјалниот дијалог и преговарачката функција на социјалните партнери за економско-социјалните прашања за интерес на државата.

**Институционална рамка**

Со Законот за работни односи е дефинирана правната рамка за развој и функционирање на организациите на работниците и работодавачите, но и регулирањето на работниот однос. Со правната рамка е обезбедено правна основа за функционирање на Економско-социјалниот совет. Во унапредување на социјалниот дијалог, беа организирани повеќе консултации со сите социјални партнери со цел да се дефинираат објективни критериуми за репрезентативност. Во 2010 година беше основана Комисијата за утврдување на репрезентативноста на социјалните партнери, додека постапката за одредување на репрезентативноста започна со регистрација на синдикатите и организацијата на работодавачи. Главни актери во индустриските односи се: Организацијата на работодавачи на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија, Бизнис-конфедерацијата на Македонија, Унијата на независни и автономни синдикати и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија.

**Субјекти на колективното преговарање**

Во процесот на колективното преговарање, како субјекти од една страна се јавуваат работодавците, група на работодавци или организации, а од другата страна работниците, или нивната организација–синдикатот, а во некои случаи може да се јават и советот на вработените.[4] Конвенцијата бр. 154 и Препораката бр. 163 на МОТ укажуват дека субјектите на колективното преговарање за да бидат признати од државата, мора да бидат самостојни и определени од националното законодавство. Со принципот на трипартизам, во решавањето на колективните работни спорови, поприсутно е сè поголемото мешање на државата во колективното преговарање.

[4] Бранко Лубарда, „Решавање колетивних радних спорова-методе и институције“, ЈУРС, Београд, 1999 година.

**а)Државата (владата)**

Преовладува ставот дека државата не треба да се меша во колективното преговарање, сепак владата својот легитимитет го добива преку фер и демократски избори организирани согласно националното изборно законодавство и стандардите на развиените демократии во Европа и светот. Еден од неодминливлите актери во социјалниот дијалог претставува државата т.е. владата. Освен што државата претставува основач и работодавач на вработените во јавните (државните) претпријатија, државните органи и јавната управа, исто така може да се јави како субјект во процесот на колективното преговарање, но и како еден од партиципиентите во трипартитните тела пред се во ЕСС.

**б) Синдикати**

Сѐ до независноста на Македонија, скоро сите вработени членуваа во единствената синдикална организација. По 22 години независност и економски односи околу 24% од вработените се членови на некоја синдикална организација.[5] Најнови информации според ССМ околу 22-23% од вработените се членови на некоја синдикална организација.[6]

Во Македонија постојат три сојуза на синдикални организации на работници: Сојуз на синдикати на Македонија – ССМ, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија – КСС и Унија на независни и автономни синдикати на Македонија – УНАСМ.

**Сојуз на синдикати на Македонија – ССМ**

ССМ[7] е основан на првиот земски синдикален конгрес на работниците и намештениците на Македонија, кој се одржал во Скопје во 1946 година и е составен од 18 грански синдикати. Сојузот на синдикатите на Македонија претставува организација во која доброволно и врз демократска основа се здружуваат синдикатите заради застапување на економските и социјалните интереси на членството. Таа е самостојна организација, независна од власта, работодавачите, политичките партии и други организации и институции. Се залага за примена на меѓународните стандарди, конвенции и препораки. ССМ е создаден од следниве органи: *конгрес, совет, претседателство и надзорен одбор*.

Според последната проверка е донесено решение на 13.10.2015 година за репрезентативност на синдикат на ниво на јавен сектор на ССМ, од страна на Комисијата за репрезентативност, каде што е утврдено дека бројот на членови, односно вработени во јавниот сектор и кои плаќаат

5) http://fokus.mk/fokus-express/anketa-na-fokus-i-rejting-2/ од 24 март 2014 година.

6) Груба проценка добиена од интервјуирање на претставници на ССМ.

7) Официјална веб страница на Сојузот на синдикатите на Македонија: http://www.ssm.org.mk/.

членарина се околу 37.792 вработени, односно 23,69%. Ова покажува дека ССМ е репрезентативен за склучување на колективни договори во јавниот сектор. Освен за јавниот сектор, на истиот датум е донесено и решение за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на приватен сектор во областа на стопанството за ССМ. Овде од страна на комисијата за репрезентативност е утвдено дека бројот на членови кои плаќаат членарина здружени во ССМ на приватниот сектор во областа на стопанството изнесува 28.594 или 9,12% вработени. Согласно со ЗРО, ССМ не ги исполнува условите за репрезентативност, каде што е потребно да има 20% вработени во приватниот сектор од областа на стопанството. Сепак Комисијата за репрезентативност согласно со членот 210, став 2 од ЗРО даде предлог за утврдување на репрезентативноста на синдикатот, заради учество во колективно преговарање на ниво на приватен сектор од областа на стопанството. На ССМ му е дадена можност согласно член 210 став 2, каде решението важи до исполнување на условите за репрезентативност од членот 212 став 3 од ЗРО, али не подолго од 3 години.[8]

**Конфедерација на слободни синдикати на Македонија – КСС**

Конфедерацијата на слободни синдикати[9] е формирана во 2005 година, како резултат на едно слободно, демократско и независно синдикално движење со основна цел да се врати надежта и вербата кај работниците во просперитетот и да се врати почитта кон трудот. Здружени се 10 грански синдикати за да се формира КСС и тоа: Самостојниот синдикат на образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК); Самостоен Синдикат на работниците во енергетика, рударство ииндустрија (ССЕРИ); Синдикат на администрацијата и државната управа на Македонија (САДУ); Независен синдикат на одбраната (НСО); Независен синдикат на пожарникарите на Македонија (НСПМ); Земјоделски Синдикат (ЗС); Синдикат за угостителство и туризам (СУТ); Синдикат на станбено-деловните, комунални и водостопански организации на Република Македонија (ССКО); Синдикат за транспорт и врски (СТВ) и Синдикат на поштенско-телекомуникациските оператори на Македонија (СПТОМ).

Организационата структура на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија е составена од следниве органи: *Конкресот на КСС; Конференцијата; Извршен одбор; Надзорен одбор и претседателот на КСС*.

На ден 13.10.2015 година е донесено решение за репрезентативност

8) Службен весник на РМ број 185 од 2015 година.

9) Официјална веб-страница на Конфедерација на слободни синдикати на Македонија: http://www.kss.mk/.

на синдикат за територијата на Република Македонија на КСС, од страна на комисијата за репрезентативност каде што е утврдено дека бројот на вработените според економскиот статус, одделите и секторите и кои плаќаат членарина се 47.404 вработени, односно 10,02% на ниво на територија. Исто така, КСС има здружено повеќе од три синдикати на ниво на гранка со приложениот список. Согласно со приложените списоци се гледа дека КСС има регистрирано синдикални организации во повеќе од 16 општини или 1/5 од вкупниот број на општини во РМ. Согласно со овие резултати е донесено решението за репрезентативност на синдикат за територијата на РМ. На истиот ден Комисијата за репрезентативност донесе уште едно решение за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на јавен сектор за КСС, каде што е утврдено дека бројот на вработените кои се здружени во КСС и плаќаат членарина изнесува 45.767, односно 28,70% на ниво на јавен сектор. Согласно со овие резултати е донесено решението за репрезентативност на КСС на ниво на јавен сектор.[10]

**Унија на автономни синдикати на Македонија - УНАСМ**

Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија[11] се појавува во 1991 година како плод на ново демократско општество. Таа е создадена од три независни синдикати и тоа: Независен синдикат на ЕМО од Охрид, Автономен синдикат при рудници и железарница од Скопје и Независен струков синдикат на машинскиот персонал при Македонски железници. Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија е формирана во 2008 година во Прилеп, која се залага за примена на меѓународните стандарди, конвенции и препораки. УНАСМ има 5 регионални центри и 6 федерации и тоа: федерација од синдикатите за трговија, федерација од синдикатите за индустрија, федерација од синдикатите за земјоделие, федерација од синдикатите за градежништво и дрвна индустрија, федерација од синдикатите за транспорт и федерација од синдикатите за нестопанство. Во УНАСМ постои Економско социјален совет на Унијата кој е составен од претседател и 4 комисии и тоа: Комисија за економија, политичка економија и развој составена од 19 советници; Комисија за труд (вработување) и социјална политика составена од 8 советници; Комисија за приватизација и трансформација на општествен капитал составена од 5 советници и Комисија за организациони прашања составена од 7 советници. Во структурата на УНАСМ постојат и агенцијата за информации-потпарол, која претставува извршен орган без право на одлучување и општинско координационо тело во структурата на

---

10) Службен весник број 182 од 2015 година.

11) Официјална веб-страница на Унијата на автономни синдикати на Македонија: http://unasmpp.weebly.com/.

Унијата.[12]

**Здруженија на работодавачи**

Постојат две организации на работодавачи: Организацијата на работодавачи на Македонија и Бизнис конферередерација на работодавачи на Македонија.

**Организација на работодавачи на Македонија – ОРМ**

Организацијата на работодавачи на Македонија[13] претставува најголемата организација на работодавачи во Македонија, која во 2005 година согласно тогашниот Закон за работни односи, но и по препорака на МОТ, ОРМ беше запишена во регистерот на здруженија на работодавачи во Министерството за труд и социјална политика. Основната цел е да ги застапува интересите на работодавачите, а посебно во социјалното партнерство како и  да се грижи за развој и остварување на правата и слободите на работодавачите во економската и социјалната сфера. ОРМ претставува над 15 секторски индустрии, со над 1.012 претпријатија во кои се вработени преку 70.000 работници во приватниот сектор.

Репрезентативноста на ССМ за последен пат од страна на Комисијата за утврдување на репрезентативноста е утврдена на 27.5.2014 година и тоа во повеќе области и тоа: во производството на прехранбени производи и пијалаци на ниво на приватен сектор од областа на стопанството; во областа на финансиските дејности и дејности на осигурување на ниво на приватен сектор од областа на стопанството; во областа на производство на тутунски производи на ниво на приватен сектор од областа на стопанството; во областа на снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација на ниво на приватен сектор од областа на стопанството; во областа на производство на текстил и производство на облека на ниво на приватен сектор од областа на стопанството; во областа на производство на кожа и слични производи од кожа на ниво на приватен сектор од областа на стопанството; во областа на производство на хартија и производство од хартија на ниво на приватен сектор од областа на стопанството; во областа на производство на хемикалии и хемиски производи и синтетички влакна на ниво на приватен сектор од областа на стопанството и во областа на дејности врз база на зачленување на ниво на приватен сектор од областа на стопанството. Во сите овие области е утврдена репрезентативност на ОРМ, од страна на Комисијата за утврдување на репрезнетативност. Но, исто така, со сите овие решенија е донесено и решението за репрезентативност на ОРМ заради учество во колективно договарање на ниво на приватниот сектор

---

[12]) http://unasmpp.weebly.com/10571090108810911082109010911088107 2-10851072-10591053104010571052structure-of-unasm.html.

[13]) Официјална веб-страница на Организацијата на работодавачи на Македонија: http://www.orm.org.mk/index.php/mk/.a.

од областа на стопанството. Вкупен број на членови на работодавачките здруженија изнесува 51.346, односно 18,07% од вкупниот број вработени во приватниот сектор на РМ.[14]

**Бизнис конфедерацијата на Работодавачи на Македонија**

Бизнис конфедерацијата на работодавачи[15] на Македонија е оформена како граѓанска организација на работодавачи во 2001 година. Во 2005 година БКМ била регистрирана како Конфедерација на работодавачи на Република Македонија. Сепак ваквото име за краток период е сменето и тоа во 2009 година е извршена пререгистрација со ново име „Бизнис конфедерација на Македонија". БКМ претставува волонтерска и непрофитна организација, којашто е независна од министерството и Стопанската комора, додека нејзините одлуки се транспарентни и демократски со вклучување на нејзините членови. Персоналот на БКМ брои 6 професионално обучени вработени, но и 4 секретаријати и тоа во Скопје, Битола, Тетово и Прилеп. Сите овие секретаријати им нудат услуги т.е. ги заштитуваат интересите на членките. Бизнис конфедерацијата на работодавачи на Македонија има потпишано 5 колективни договори. Бизнис конфедерацијата на Македонија има 13 асоцијации членки и тоа: Северо-западна стопанската комора на Македонија; Здружението на работодавачи-Скопје; Кластерот на дрвна индустрија-КДИ; Националната асоцијација на јавни оператори и кабелска мрежи на Македонија-НАЈКОМ; Здружение на медицински компании; Занаетчиската комора-Скопје; Национална асоцијација за храна и пијалаци-НАПИМ; Асоцијација на градежни компании; Националната асоцијација на агенции за привремена работа; Здружението на транспортни компании на Република Македонија МАКАМ-ТРАНС; Македонската асоцијација за индустрија хигиена и професионално здравје-МЗИХПЗ; Федерација на фармери на Република Македонија-ФФРМ и Националното здружение на автошколи и инструктори-НЗАИ.

**Репрезентативност**

Со Законот за работни односи од 2010 година се воведе репрезентативност на синдикатите и на здруженијата на работодавачи. Репрезентативноста се определува поради учеството во колективно договарање и во трипартитни тела на социјалното партнерство (ЕСС). Утврдувањето се врши во законска постапка преку поднесување на барање и докази, на предлог на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, сето тоа го утврдува министерот надлежен за работите од областа на трудот. Комисијата брои девет члена и тоа по еден претставник од Министерството

14) Службен весник на РМ број 88 од 2014 година.

15) Официјална веб-страница на Бизнис конфедерацијата на работодавачи на Македонија: http://www.bcm.mk/.

за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за економија и по три претставници од репрезентативните здруженија на работодаваци и синдикати, членови на Економскиот-социјален совет. Главно функционираат две репрезентативни синдикални здруженија и тоа Сојуз на синдикатите на Македонија и Конфедерација на независни синдикати, како и Организацијата на работодавачи на Македонија.

**Репрезентативност на синдикатите**

Синдикатот е претставник на сите вработени, независно од тоа дали се членови на синдикатот или пак не се. Работниците се оние коишто имаат право да организираат синдикална организација т.е. синдикат, којашто ќе ги штити нивните права и интереси според законот и статутот. Членувањето во одреден синдикат е доброволно, со слободно изразена волја, како и прифаќање на програмата и статутот на организацијата. Облиците на организирање на репрезентативниот синдикат треба да ги имат следните принципи:

- економски: преку синдикатот со уредување на условите за плата, работа можат да се утврдат цената на производот, трошоците со што ќе се постигне степенот на произвоството;
- социјален: со обезбедување мирен тек на општествениот живот и тоа преку социјалната правда, работниците ќе се здобијат со општествена моќ, солидарност и организираност во синдикатот;
- правен: колективните договори освен што стануваат извор на правото, тие претставуваат и инструмент за разрешување на работноправните спорови со коишто  треба да станат надлежност на судовите за работни спорови.[16]

Синдикатот треба да исполни повеќе услови, за да биде репрезентативен. За да може да биде репрезентативен синдикат мора да е запишан во регистерот на синдикати кој го води МТСП; во него мора да членуваат и плаќаат членарина најмалку 10% од вкупниот број на вработени во Републиката;[17]да може да здружува најмалку три синдикати на национално ниво од различни гранки; да може да дејствува на национално ниво, како и да има регистрирани членки околу 1/5 од општините во Република Македонија. Додека репрезентативниот синдикат на ниво на приватен сектор од областа на стопанството е оној којшто е запишан во надлежното министерство и во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени во приватниот сектор од областа на стопанството, но коишто плаќаат членарина.[18]

---

16) Деловно право, списание за теорија и практика на правото, бр.12, стр. 16.

17) Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ бр. 167/15, член 212 став 1 точка 2).

18) Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ бр. 167/15, член 212 став 3.

**Репрезентативност на здруженијата на работодавачи**

При условите за определување на репрезентативност на работодавачите е предвидено здружението да е запишано во регистарот на МТСП; во него да членуваат и плаќаат членарина најмалку 5% од вкупниот број работодавачи во Републиката; да вработуваат најмалку 5% од вкупниот број вработени во приватниот сектор[19] или пак да претставуваат најмалку 5% од вкупниот број работодавачи во гранката и 5% од вкупниот број на вработени во гранката.

Определувањето на условите на репрезентативност на работодавачите, Законот предвидува репрезентативно здружение на работодавачи, во кое се зачленети најмалку 10% од работодавачите и вкупниот број работници во гранката или дејноста.[20]

При утврдувањето на прашањето за репрезентативност на синдикатот или репрезентативност на здружението на работодавачи настане спор, тогаш според Законот надлежноста за решавање на овие спорови е одредено во одредбата од членот 215: „во случај на спор за репрезентативност на синдикатот или пак на здружението на работодавачите, во рок од 8 дена одлучува надлежниот суд“.[21]

**Заклучок**

Сметам дека социјалниот дијалог во Македонија може да се развива и усовршува сѐ уште за да дојде на нивото на социјален дијалог којшто постои во земјите на Европската Унија, бидејќи Република Македонија има статус на кандидат за членство во ЕУ. Социјалниот дијалог и капацитетот на социјалните партнери треба дополнително да се зајакнат.

Мора помеѓу синдикатите во Македонија да постои меѓусебна соработка со цел да се подобри колективното преговарање и договарање, а со тоа ќе се подобри и социјалниот дијалог. Исто така е потребно и поголемо ангажирање од страна на синдикатите, пред сѐ дека со членувањето во синдикатот нивните права ќе бидат заштитени. Синдикатите се тие кои не треба да бидат политизирани, туку треба да ја зголемат довербата кај вработените дека ќе застанат на нивна страна и заедно ќе се борат да ги заштитат правата на вработените.

Секако освен што мора да постои доверба и меѓусебна соработка помеѓу синдикатите, ова мора да постои и помеѓу здруженијата на работодавачите и синдикатите за да имаме конструктивен социјален дијалог.

Во иднина социјалниот дијалог во Македонија треба да се усовршува со цел да имаме што поконструктивен социјален дијалог и дека

19) Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ бр. 167/15, член 213 став 1 точка 2).

20) Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ бр. 167/15, член 213 став 3).

21) Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ бр. 167/15, член 215).

еден ден социјалниот дијалог ќе дојде на ниво на европскиот социјален дијалог.

Од анализата на актите кои се однесуваат на колективното договарање во Република Македонијаможеме да заклучиме дека правната легеслатива е релативно добро хармонизирана со Европското трудово законодавство.

**Користена литература**

Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ бр. 167/15)

Јовевски Л.(2006). Колективни преговори-компаративни согледувања.Цетис-Скопје

Каламатиев Т.(2002).Субјекти на колективното договарање. Синдикална школа- Струга

Конфедерација на слободни синдикати на Македонија (2016). Прочитано на 18 октомври 2015 година. http://www.kss.mk/

Лубарда Б.(1999). Решавање колетивних радних спорова-методе и институције. ЈУРС-Београд

Мајхошев А.(2008). Функционирање на Економско-социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997-2007 година. МЦМС-Скопје

Мајхошев А.(2012).Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Република Македонија во периодот 1990-2012. НУ Библиотека „Гоце Делчев“- Штип;

Михајловски З.(2007). Колективни договори. Академик-Скопје

Мурџева-Шкариќ О.(2007). Ненасилна трансформација на конфликти. Филозофски факултет -Скопје

Поточњак Ж. (1995). Колективни уговори. Организатор-Загреб

Сојузот на синдикатите на Македонија (2016). Прочитано на 15 октомври 2015 година. http://www.ssm.org.mk/

Спогодба за основање на Економско-социјален совет („Сл. весник на РМ“ бр.113/10)

Стоиљковиќ З.(2008).Конфликт и/или дијалог, огледи о синдикатима, транзиции и демократија. Београд

Унијата на автономни синдикати на Македонија (2016). Прочитано на 23 октомври 2015 година. http://unasmpp.weebly.com/

Устав на Република Македонија од 17.11.1991, Службен весник на РМ бр.52 од 22.11.1991 година